„Аллаховиот роб на кој ќе му се даде одговорна позиција за луѓето и тој ќе ги мами, на денот кога ќе умре, Аллах ќе му го забрани (влезот во) Џенетот.“

Од Макил бин Јесар ел-Музени, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како кажува: „Аллаховиот роб на кој ќе му се даде одговорна позиција за луѓето и тој ќе ги мами, на денот кога ќе умре, Аллах ќе му го забрани (влезот во) Џенетот.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известил дека секој кому Аллах му дал одговорност и позиција меѓу луѓето, без оглед дали се работи за општа позиција, како што е владетел, или одговорност на пониските нивоа, како што е одговорноста на мажот во фамилијата, или на жената со нејзините деца, оној кој е несовесен во обврските кон своите поданици, кој ги мами и не ги советува, кој ги занемарува нивните верски и световни права, ја заслужил оваа тешка казна.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5335